# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Дирекцијата за заштита на личните податоци на ден 24.09.2014 година достави забелешки/известување по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Дирекцијата за заштита на личните податоци до Државниот завод за ревизија заведени под број 09-220/5.

Овластениот државен ревизор ја разгледа забелешката (известувањето) на Нацрт извештајот и по истата се произнесе.

Упатената забелешка на **препораката под реден број 2** која е поврзана со утврдената состојба **2.1.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на тоа дека Дирекцијата преку формирање на работна група има за задача да изврши дополнување на Стратегијата за управување со ризик односно да ја определи улогата и одговорноста на вработените во управувањето со ризиците, како и мониторингот и известувањето за истите, **претставува известување** за преземените активности од страна на Дирекцијата. Имено, Дирекцијата на ден 23.09.2014 година донела Стратегија за управување со ризици, во насока на подржување на процесот за управување со ризиците. Преземените активности од страна на Дирекцијата соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.